# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 95** **8 април 2020, среда** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1410. | **Уредба** со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за локалната самоуправа за време на вонредна состојба..................................... | 2 |
| 1411. | **Уредба** со законска сила за примена на Законот за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба .......................................... | 2 |
| 1412. | **Уредба** со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за нотаријатот за време на вонредна состојба .. | 3 |
| 1413. | **Уредба** со законска сила за примената на Законот за извршување на санкциите за време на вонредна состојба ............................................... | 4 |
| 1414. | **Уредба** со законска сила за примена на Законот за судска служба за време на вонредна состојба ............... | 4 |
| 1415. | **Уредба** со законска сила за примена на Законот за јавнообвинителска служба за време на вонредна состојба ..................................................... | 5 |
| 1416. | **Уредба** со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за внатрешни работи за време на вонредна состојба…………. | 5 |
| 1417. | **Одлука** за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2020 година .................................................. | 6 |
| 1418. | **Одлука** за дополнување на Одлуката за утврдување распоред на работното време во Владата на Република Северна Македонија, министерствата и другите органи на државната управа................................ | 6 |
| 1419. | **Одлука** за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2020 година на Православниот богословски факултет “Св. Климент Охридски” - Скопје придружна членка на универзитет “Св. Кирил и Методиј” – Скопје................ | 7 |
| 1420. | **Одлука** за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2020 година на Факултетот за Исламски науки - Скопје ................ | 7 |
| | **Огласен дел**..................................... | **1-8** |

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1410.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19) Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 7 април 2020 година, донесе

### У Р Е Д Б А
### СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за локалната самоуправа за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 84/20), во член 1, ставот 2 по зборот: „општината", се додаваат зборовите: „како и за функционирање на органите на општината и на градот Скопје".

Член 2

По членот 2 се додаваат три нови члена, 2-а, 2-б и 2-в, кои гласат:

„Член 2-а

Вонредна седница на советот свикува претседателот на советот и на барање на градоначалникот.

Член 2-б

Претседателот на советот може да свика и да раководи со седница на советот, и со употреба на комуникациски средства (телефон или конференциска врска со употреба на интернет комуникација и софтверски алатки).

Во случај на одржување на седница со употреба на комуникациски средства, поканата со дневениот ред и материјалите за седницата на советот се доставуваат на службена електронска адреса на членовите на советот, или на алтернативна функционална електронска адреса која членовите на советот се должни да ја достават до Претседателот на советот.

Гласањето на советот со употреба на комуникациски средства се одвива по пат на поименично произнесување на секој од членовите на советот кои се најавени на седницата.

За текот на седницата на советот со употреба на комуникациски средства, задолжително се води записник, кој се објавува на веб страната на општината и градот Скопје.

Член 2-в

Во случај на спреченост или отсуство на претседателот на советот, поради постапување согласно здравствените прописи за време на епидемија и поради спроведување на мерките и препораките на Владата на Република Северна Македонија за заштита и превенција од Коронавирус Covid-19, седниците на советот ги свикува и раководи најстариот член на советот."

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 44-2777/1 | Претседател на Владата |
| 7 април 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

**1411.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 7 април 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 275/19 и 14/20) ќе се применува за времетраење на вонредната состојба доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку определено.

За користење на правото на годишен одмор од страна на вработените во јавниот сектор, се применуваат одредбите на оваа уредба со законска сила.

Член 2

Вработените во јавниот сектор кои се работно ангажирани за времетраење на мерките за заштита од ширење и превенција од Коронавирус COVID – 19, неискористениот дел од годишниот одмор од календарската 2019 година може да го искористат до 31 мај 2020 година, согласно потребите на работниот процес и врз основа на одобрение на раководното лице на институцијата.

На вработените во јавниот сектор кои се ослободени од извршување на работа и работни задачи, согласно мерките за заштита од ширење и превенција од Коронавирус COVID – 19, неискористениот дел од годишниот одмор од календарската 2019 година им се смета за искористен.

По исклучок, за вработените во Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за одбрана – Армијата на Република Северна Македонија, Министерството за здравство, јавните здравствени установи во Република Северна Македонија, царинските службеници, инспекциските служби, единиците за противпожарна територијална заштита, мали групни домови и домови за нега на стари лица, кои не се опфатени со мерките од ставовите 1 и 2 на овој член, неискористениот дел од годишниот одмор од календарската 2019 година и делот од годишниот одмор за 2020 година кој мора да се искористи во траење од две непрекинати работни недели, да го искористат до 31 декември 2020 година, согласно потребите на работниот процес и врз основа на одобрение на раководното лице во Министерството.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-2876/1 | Претседател на Владата |
| 7 април 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

---

**1412.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 8 април 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА НОТАРИЈАТОТ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за нотаријатот за време на вонредната состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.70/20), во член 1, во ставот 2 по зборот „испит“ се додаваат зборовите „и продолжување на мандатот на претседателот на Нотарската комора и на членовите на органите на Нотарската Комора,“.

Член 2

Во член 2, по ставот 1 се додават два нови става 2 и 3, кои гласат:

„Мандатот на претседателот на Нотарската комора и на членовите на органите на Нотарската комора избрани во 2017 година, се продолжува за време на траењето на вонредната состојба.

Собранието на Нотарската комора е должно во рок од 30 дена од денот на престанување на траењето на вонредната состојба да започне, односно да ја продолжи постапката за избор на претседател на Нотарската комора и на членовите на органите на Нотарската комора.“

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“

| | |
|---|---|
| Бр. 44-2922/1 | Претседател на Владата |
| 8 април 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

---

**1413.**

основа на член 126 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став (1) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 април 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 99/19 и 220/19), ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За издавањето на упатните акти, извршувањето на упатните акти и упатувањето на притворени лица на издржување на казната затвор, за време на траење на вонредната состојба се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Издавањето на упатните акти од страна на судијата за извршување на санкциите за изречена казна затвор до три години, се одложува до 1 септември 2020 година, освен за предметите каде постои опасност за застарување на казната.

Извршувањето на упатните акти кои се веќе доставени до казнено-поправните установи, се одложува до 1 септември 2020 година, освен за упатните акти за кои се веќе издадени меѓународни потерници.

Лицата кои се наоѓаат на издржување на мерка притвор, по правосилноста на пресудата, веднаш се упатуваат на издржување на казната затвор.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-2953/1 | Претседател на Владата |
| 8 април 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

---

**1414.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 април 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА СУДСКА СЛУЖБА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18) ќе се применува за време на траењето на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За користење на правото на годишен одмор од страна на вработените во судска служба се применуваат одредбите на оваа уредба со законска сила.

Член 2

Вработените во судска служба кои се работно ангажирани за времетраењето на времените мерки за заштита од ширење и превенција од Коронавирус COVID-19, неискористениот дел од годишниот одмор од календарската 2019 година може да го искористат до 31 мај 2020 година, согласно потребите на работниот процес и врз основа на одобрение од претседателот на судот.

На вработените во судска служба кои се ослободени од извршување на работа и работни задачи, согласно мерките за заштита од ширење и превенција од Коронавирус COVID-19, неискористениот дел од годишниот одмор од календарската 2019 година им се смета за искористен.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 44-2955/1 | Претседател на Владата |
| 8 април 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

__________

**1415.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 април 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНООБВИНИТЕЛСКА СЛУЖБА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Законот за јавнообвинителска служба („Службен весник на Република Македонија" бр 62/15, 231/15, 11/16 и 21/18) ќе се применува за време на траењето на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За користење на правото на годишен одмор од страна на вработените во јавнообвинителска служба се применуваат одредбите на оваа уредба со законска сила.

Член 2

Вработените во јавнообвинителска служба кои се работно ангажирани за времетраењето на времените мерки за заштита од ширење и превенција од Коронавирус COVID-19, неискористениот дел од годишниот одмор од календарската 2019 година може да го искористат до 31 мај 2020 година, согласно потребите на работниот процес и врз основа на одобрение од јавен обвинител на соодветното јавно обвинителство.

На вработените во јавнообвинителска служба кои се ослободени од извршување на работа и работни задачи, согласно мерките за заштита од ширење и превенција од Коронавирус COVID-19, неискористениот дел од годишниот одмор од календарската 2019 година им се смета за искористен.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 44-2956/1 | Претседател на Владата |
| 8 април 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

__________

**1416.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 април 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**

**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за внатрешни работи за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 79/20), во член 1 ставот 2 се менува и гласи:

„За траењето на приправничкиот стаж и полагањето на посебниот односно приправничкиот испит на работниците во Министерството за внатрешни работи, за време на траење на вонредната состојба, се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.“.

Член 2

По членот 2 се додаваат два нови члена 2-а и 2-б, кои гласат:

„Член 2-а

Полицаец-приправник од членот 2 од оваа уредба со законска сила, по завршување на приправничкиот стаж се смета дека го положил посебниот односно приправничкиот испит и истиот се распоредува на работно место „полицаец“ во Министерството за внатрешни работи.

Член 2-б

Работниците во Министерството за внатрешни работи кои имаат статус на приправник се смета дека го положиле посебниот односно приправничкиот испит и истите се распоредуваат на соодветно работно место.“.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-2908/1 | Претседател на Владата |
| 8 април 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

**1417.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), а во врска со член 209 став 2 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 април 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НАМЕНСКИ СРЕДСТВА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА ВО ТЕТОВО ЗА 2020 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука на Универзитетот на Југоисточна Европа – Тетово му се доделуваат вкупно 10.500.000 денари од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, раздел 16001, Програма 4, Потпрограма 49, ставка 464.

Член 2

Средствата утврдени во член 1 од оваа одлука се обезбедени од буџетот на Министерството за образование и наука, сметка 637-буџетски расходи, Програма 4-Високо образование, Потпрограма 49-Универзитет Југоисточна Европа, ставка 464.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-2963/1 | Претседател на Владата |
| 8 април 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

**1418.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 април 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ РАСПОРЕД НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ ВО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МИНИСТЕРСТВАТА И ДРУГИТЕ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА**

Член 1

Во Одлуката за утврдување распоред на работното време во Владата на Република Северна Македонија, министерствата и другите органи на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија„ 160/19 и 92/20), во член 1, по ставот 1, се додава нов став 2 кој гласи:

„Работата по работното време од ставот 1 на овој член, до 8 часа ефективна работа во текот на денот, не се смета за работа подолга од полното работно време (прекувремена работа) и не се исплаќа додаток за работа подолга од полно работно време.“

Ставовите 2 и 3 стануваат ставови 3 и 4.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2877/2
8 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1419.**

Врз основа на член 7 од Законот за високообразовните установи на верските заедници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/08), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 8 април 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ ЗА 2020 ГОДИНА НА ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ “СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” - СКОПЈЕ ПРИДРУЖНА ЧЛЕНКА НА УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” – СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на Православниот Богословски факултет “Св. Климент Охридски” - Скопје придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје му се доделуваат вкупно 4.500.000 денари од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, раздел 16001, Програма 4, Потпрограма 47, ставка 464.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа одлука се доделуваат за подмирување на трошоци за реализирање на студиските програми за 2020 година кои не можат да се обезбедат во буџетот на Православниот Богословски факултет “Св. Климент Охридски” - Скопје придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2920/1
8 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1420.**

Врз основа на член 7 од Законот за високообразовните установи на верските заедници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/08), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 8 април 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ ЗА 2020 ГОДИНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИСЛАМСКИ НАУКИ – СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на Факултетот за Исламски науки - Скопје му се доделуваат вкупно 3.000.000 денари од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, раздел 16001, Програма 4, Потпрограма 47, ставка 464.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа одлука се доделуваат за подмирување на трошоци за реализирање на студиските програми за 2020 година кои не можат да се обезбедат во буџетот на Факултетот за Исламски науки – Скопје.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2921/1
8 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.

ISSN 0354-1622

2020095